**Влада на Република Северна Македонија**

Скопје, 3 декември 2024 година
Бр. 41-11240/4

**До**
**Претседателот на Собранието**
**на Република Северна Македонија**
**Скопје**

Врз основа на членот 91 алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139 и 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија Ви поднесува Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Македонија, што го утврди на седницата, одржана на 3 декември 2024 година.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Бесар Дурмиши, министер за економија и труд и Марјан Ристески, заменик на министерот за економија и труд, а за повереници Хаким Сума, државен секретар во Министерството за економија и труд и Јумни Адеми, државен советник во Министерството за економија и труд.

**Заменик на претседателот на Владата**
**на Република Северна Македонија**

**Љупчо Димовски**

| | |
|---|---|
| Подготвил: | Маја Богоевска, помлад соработник |
| Проверил: | Катерина Јаневска/Никола Пасков, рак. на одделение |
| Контролирал: | м-р Стојанчо Радичевски/Jetmira Maliqi, пом. рак. на сектор |
| Согласен: | Снежана М.Пендовски, државен советник |
| | Зоран Брњарчевски, раководител на сектор |
| Одобрил: | Игор Јанушев, генерален секретар на Владата |

ПРЕДЛАГАЧ: Владата на Република Северна Македонија

ПРЕТСТАВНИЦИ: Бесар Дурмиши, министер за економија и труд и

Марјан Ристески, заменик на министерот за економија и труд

ПОВЕРЕНИЦИ: Хаким Сума, државен секретар во Министерството за економија и труд и

Јумни Адеми, државен советник во Министерството за економија и труд

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
за изменување и дополнување на Законот за основање на Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Македонија

Скопје, декември 2024 година

ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за основање на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 60/03, 161/09, 171/10, 41/14 и 64/18) се уредуваат основањето, организацијата и работењето на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија.

Со предложеното изменување на Законот за основање на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија се врши усогласување согласно заклучокот на Владата од Деветнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 10.9.2024 година, согласно кој се задолжуваат министерства да ги усогласат законите од својата надлежност со Законот за организација и работа на органите на државната управа и истите веднаш да ги достават до Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија - Координативно тело за следење на спроведувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа.

Заради поефикасно функционирање на органите на државната управа и прилагодување на современите потреби во некои области, меѓу кои во економијата и пазарот на труд, се пристапи кон измена и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа, со кој Министерството за економија се преименуваше во Министерство за економија и труд.

Заради конзистентност на правниот систем и доследна примена на законските одредби во однос на надлежностите на ова министерство утврдени во член 10 со кој се менува членот 20 од Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.121/24), потребно е усогласување на овие одредби со одредбите на постојните закони со кои се уредува оваа област.

Од овие причини и заради доследност и усогласување на посебните закони со Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа, Министерството за економија и труд го предлага Законот за изменување и дополнување на Законот за основање на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Целта на предложените измени и дополнувања на Законот за основање на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија е негово усогласување со член 11 став (1) алинеја 8 и член 20 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19,

110/19 и 121/24). Со последните измени на овој закон Министерството за економија се дефинира како Министерство за економија и труд, па согласно на ова се врши усогласување на законите од соодветната надлежност.

Исто така, предложените измени и дополнувања на Законот за основање на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија е и заради усогласување со амандманите XXXIII, XXXIV, XXXV и XXXVI на Уставот на Република Македонија и Уставниот закон за спроведување на амандманите од XXXIII до XXXVI на Уставот на Република Македонија, што претставува законска обврска.

Со предложените измени и дополнувања се соодветно направени измени и дополнувања и тоа:

- во деловите каде се наведува името на државата како дел од називот на институцијата и во сите делови на законот каде што името на државата е утврдено како дел од неговиот нормативен текст;

- во деловите кои се однесуваат на имиња на други институции содржани во текстот на законот чии промени во називите се утврдени од Владата.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија не предизвикува финансиски импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија не се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВАЊЕ НА АГЕНЦИЈА ЗА ПОДДРШКА НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Законот за основање на Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 60/03, 161/09, 171/10, 41/14 и 64/18), во насловот зборовите “Република Македонија” се заменуваат со зборовите “Република Северна Македонија”.

Член 2

Во член 4 во ставот (1) по зборот “економија” се додаваат зборовите “и труд”.

Член 3

Во член 5 ставот (3) се менува и гласи:
“Скратениот назив на Агенцијата е АППРСМ”

Член 4

Во член 10 во ставот (2) по зборот “економија” се додаваат зборовите “и труд” Во ставот (4) по зборот “економија” се додаваат зборовите “и труд”.

Член 5

Во член 19 во ставот (1) по зборот “економија” се додаваат зборовите “и труд”.

Член 6

Во членот 23 по зборот “економија” се додаваат зборовите “и труд”.

Член 7

Низ целиот текст на Законот зборовите “Република Македонија” се заменуваат со зборовите “Република Северна Македонија”.

Член 8

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија содржи 14 члена.

Со членовите 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11 и 12 се врши усогласување на одредбите од овој закон со амандманите XXXIII, XXXIV, XXXV и XXXVI на Уставот на Република Македонија и Уставниот закон за спроведување на амандманите од XXXIII до XXXVI на Уставот на Република Македонија.

Со членовите 4, 7, 11 и 13 се врши усогласување на одредбите од овој закон со Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.121/24), со кој Министерството за економија се дефинира како Министерство за економија и труд.

Со членот 14 е уредено влегувањето во сила на овој закон.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во предложените одредби се меѓусебно поврзани и чинат правна целина.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложениот закон ќе се овозможи конзистентност на правниот систем и доследна примена на законските одредби во однос на надлежностите на Министерството за економија и труд во член 10 со кој се менува членот 20 од Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.121/24).

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ ОД ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВАЊЕ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ПОДДРШКА НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ ИЛИ ДОПОЛНУВААТ

Член 1

Со овој закон се уредува основањето, организирањето и работењето на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија (во натамошниот текст: Агенција).

Член 2

Агенцијата се основа за реализација на Програмата на мерки и активности за поддршка на претприемништвото и создавање конкурентност на малото стопанство во Република Македонија и за реализација на други програми донесени од Владата на Република Македонија кои се однесуваат на претприемништвото и малото стопанство.

Член 4

(1) За реализација на целите и политиките за поддршка на развојот на малото стопанство и претприемништвото, Владата на Република Македонија на предлог од Министерството за економија донесува Програма на мерки и активности за поддршка на претприемништвото и создавање конкурентност на малото стопанство (во натамошниот текст: Програма) за период од четири години.

(2) Програмата ќе се раководи од принципите и полињата на активностите утврдени во Европската повелба за мали претпријатија.

(3) Со Програмата се утврдуваат и потребните средства, изворите на средства, роковите и други институции кои учествуваат во нејзината реализација.

АГЕНЦИЈА ЗА ПОДДРШКА НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 5

(1) Агенцијата има својство на правно лице.

(2) Агенцијата е самостојна во својата работа.

(3) Скратениот назив на Агенцијата е АППРМ.

(4) Седиштето на Агенцијата е во Скопје.

(5) Доколку со работата на Агенцијата се остварат поголеми приходи од расходи, истите ќе се употребат за остварување на задачите на Агенцијата.

Член 8

(1) Средствата за основање на Агенцијата ги обезбедува Владата на Република Македонија.

(2) Агенцијата може да остварува средства за вршење на својата дејност од следниве извори:

- средства од Буџетот на Република Македонија, по претходно донесена годишна програма за работа на Агенцијата од страна на Владата на Република Македонија;
- приходи од вршење на дејноста;
- донации и
- други извори согласно со закон.

(3) Средствата од ставот (2) алинеја 1 на овој член ќе зависат од степенот на остварување на Програмата за работа на Агенцијата во претходната година.

(4) Приходите од вршењето на дејноста од ставот 2 алинеја 2 на овој член, Агенцијата ги остварува согласно со тарифник.

(5) Тарифникот од ставот 4 на овој член го донесува Управниот одбор на Агенцијата.

Член 10

(1) Управниот одбор е составен од пет члена, и тоа претседател и четири члена.

(2) Членовите на Управниот одбор ги именува Владата на Република Македонија на предлог на министерот за економија.

(3) Претседателот и членовите на Управниот одбор треба да имаат најмалку три години работно искуство во областа на економијата во последните пет години.

(4) Еден член на Управниот одбор се предлага од Министерството за економија, а четири члена од редот на здруженијата на правни и физички лица од областа на стопанството, деловните банки, донаторите и експертите.

(5) Управниот одбор од редот на членовите именува претседател на Управниот одбор.

(6) Мандатот на претседателот и на членовите на Управниот одбор трае четири години со можност за повторен избор.

Член 11

(1) Управниот одбор ги има следниве надлежности:

- донесува статут на Агенцијата;
- се грижи за спроведувањето на деловната политика на Агенцијата;
- донесува годишна програма за работа и развој на Агенцијата;
- го именува и разрешува директорот на Агенцијата;
- ги разгледува и одобрува извештаите за активностите на Агенцијата;
- донесува годишен финансиски план;
- усвојува годишна финансиска сметка на Агенцијата;
- донесува критериуми за избор на институции за соработка во остварувањето на својата функција и врши нивен избор;
- донесува методологија на подготовка и следење на развојните проекти од малото стопанство;
- ги утврдува критериумите за користење и располагање со средствата и употреба на средствата остварени со работењето на Агенцијата;
- донесува одлуки за други прашања сврзани со остварување на надлежностите на Агенцијата и врши и други работи утврдени со закон.

(2) На Програмата за работа и развој на Агенцијата од ставот 1 алинеја 3 од овој член, согласност дава Владата на Република Македонија, во рок од 15 дена од денот на доставувањето на Програмата на Владата.

Член 12

(1) Со работата на Агенцијата раководи директор.

(2) За именување на директор на Агенцијата се објавува јавен оглас во три дневни весници, кои се издаваат на целата територија на Република Македонија од кои во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

(3) За директор на Агенцијата може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

1) е државјанин на Република Македонија;

2) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;

3) има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен;

4) има најмалку пет години работно искуство, од кои најмалку три години работно искуство на раководно место;

5) поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:

- ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,

- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,
- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или
- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2).

(4) Мандатот на директорот трае четири години со можност за повторен избор.

Член 18

(1) Со Статутот на Агенцијата поблиску се уредува работењето и организацијата на Агенцијата.

(2) На Статутот на Агенцијата согласност дава Владата на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на доставувањето на Статутот од Управниот одбор.

Член 19

(1) Агенцијата за своето работење и за користењето на средствата поднесува извештај до Министерството за економија и труд најмалку два пати годишно.

(2) Агенцијата за своето работење и за користењето на средствата поднесува детален годишен извештај до Владата на Република Северна Македонија на усвојување.

(3) Годишниот извештај од ставот 2 на овој член се однесува за работењето во претходната година, а се поднесува до 31 март од тековната година.

Член 22

(1) Реализацијата на проектите финансиски поддржани од Владата на Република Македонија, кои се остваруваат преку институционалната мрежа за поддршка на развојот на малото стопанство и поттикнување на претприемништвото и со приватни консултанти се врши по пат на јавен повик - тендер, врз основа на однапред поставени критериуми.

(2) Агенцијата врши редовен надзор на реализацијата на проектите и услугите согласно на јавниот повик.

Член 23

Министерството за економија врши постојана и целосна контрола на законитоста, правилноста и ажурноста на работењето на Агенцијата, како и следењето на интерните политики, правила и процедури за работење.